ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 383 и на член 384 од Законот за трговските друштва и на член 50 и 51 од Статутот на РЕПЛЕК АД Скопје, Собранието на РЕПЛЕК АД Скопје, на седницата одржана на ден 16.4.2025 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА

за одобрување и усвојување на Годишниот извештај за работата на Надзорниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје за 2024 година

(1) Се одобрува и усвојува Годишниот извештај за работата на Надзорниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје за период јануари-декември 2024 година.

(2) Годишниот извештај од став 1 е составен дел од оваа одлука.

(3) Оваа одлука влегува во сила на денот на донесувањето.

Друштво за медицинско снабдување
увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје

Претседавач на
Собрание на акционери

Образложение

На ден 11.3.2025 година Надзорниот одбор на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје на својата седница ја утврди Предлог-одлуката која на ден 16.4.2025 година, врз основа на член 383 и на член 384 од Законот за трговските друштва, како и на член 51 од став од Статутот на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје, и ја поднесува како предлог до Собранието на акционери на усвојување.

Собранието на акционери, по разгледување на Извештајот за работата на Надзорниот одбор на Друштвото за 2024, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.